Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа



# АНАЛИЗА

## на институционалната рамка за спроведување на Законот за бесплатна правна помош

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ПОДРАЧНИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА**

Автори:

**Гоце Коцевски и Елена Георгиевска**
**- консултанти на Совет на Европа -**

Декември 2022
Скопје, Република Северна Македонија

Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

COUNCIL OF EUROPE

EUROPEAN UNION

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

# АНАЛИЗА
# на институционалната рамка за спроведување на Законот за бесплатна правна помош

**Заклучоци и препораки за унапредување на работата на Одделението за бесплатна правна помош и подрачните одделенија при Министерството за правда**

Автори:

**Гоце Коцевски и Елена Георгиевска**
**- консултанти на Совет на Европа -**

Декември 2022
Скопје, Република Северна Македонија

*Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, 2022". Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се доставаат до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).*

*Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Одделот за програми за соработка.*

*© Совет на Европа, декември 2022. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.*

*Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа во рамките на проектот „Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија".*

*Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.*

*Дизајн и печат: ДатаПонс дооел Скопје*

*Слика на насловната страница: Shutterstock*

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ ..... 7

1.1 Предмет и намена на документот ..... 7

1.2 Методолошки пристап ..... 8

2. НАДЛЕЖНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА ПОВРЗАНИ СО БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА ПОМОШ ..... 11

3. НАОДИ ..... 13

3.1. Внатрешната организација на Министерството за правда ..... 13

а. Одделение за бесплатна правна помош ..... 14

б. Подрачните одделенија ..... 15

3.2 Човечките ресурси и обемот на работа ..... 17

а. Одделение за бесплатна правна помош ..... 17

б. Подрачни одделенија ..... 22

3.3 Финансиски ресурси ..... 29

3.4. Просторни капацитети ..... 30

3.5 Информатичко-технички капацитети ..... 32

4. ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА РАМКА ..... 33

АНЕКС –
Преглед на човечки ресурси по подрачно одделение ..... 39

# 1 ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ

## 1.1 Предмет и намена на документот

Постоењето на квалитетна правна рамка, усогласена со клучните меѓународни и Европски стандарди, само по себе не претставува гаранција дека нејзината примена ќе придонесе кон остварување целите поради кои таа правна рамка е донесена. Суштински предуслов за спроведување на законите и другите прописи е постоење на квалитетно поставена институционална рамка придружена со неопходните човечки и технички ресурси како и со финансиски средства потребни за примена на примените.

Поаѓајќи од потребата од унапредување на севкупниот систем на бесплатна правна помош во Северна Македонија, покрај подобрување на правната рамка, неопходно е да се земат во предвид и анализираат предизвиците од институционална природа со која се соочува Министерството за правда при примената на Законот за бесплатна правна помош[1].

Овој документ содржи детална анализа на институционалната рамка за спроведување на Законот за бесплатна правна помош (ЗБПП). Предмет на анализа се одредени елементи од институционалната рамка кои имаат непосредно влијание врз примената на одредбите од ЗБПП. Во посебен фокус на овој документ се: надлежностите на Министерството за правда (Министерството) кои произлегуваат од ЗБПП, внатрешната организација на Министерството како и човечките, техничките, просторните и финансиските капацитети со кои располага Министерството, а се неопходни за ефикасна примена на ЗБПП.

Цели на анализата се:

- Да се идентификуваат и анализираат предизвиците од институционална природа со кои се соочува Министерството при извршувањето на надлежностите кои произлегуваат од ЗБПП.
- Да се формулираат препораки за надминување на предизвиците и да се унапреди квалитетот, ефективноста и ефикасноста во примената на ЗБПП

Намената на овој документ е да му обезбеди на Министерството за правда препораки засновани на докази за унапредување на ефикасноста на постојната институционална рамка. Пристапот до правда и бесплатната правна помош како дел од Поглавјето 23 ќе бидат предмет на следење и оцена од Европската Комисија во претстојните преговори за членство во ЕУ. Дополнително, овој документ прави обид да се адресираат одредени недостатоци кои се идентификувани во Функционална анализа на Министерството за правда на РСМ[2] од 2021, а која идентификува одредени слабости, особено во поглед на работата на подрачните одделенија на Министерството за правда.

[1] Законот за бесплатна правна помош, Службен весник бр. 101/19.

[2] Павловска Данева, А и др. Функционална анализа за Министерство за Правда. Центар за правни истражувања и анализи. Скопје, 2021.

## 1.2 Методолошки пристап

а) Преглед на прописи и документи

За потребите од изработка на овој документ беше извршен сеопфатен преглед на јавно достапни документи *(desk research)*. Клучни документи кои беа анализирани беа:

- Законот за бесплатна правна помош и подзаконските акти кои се донесени врз основа на ЗБПП;
- Законот за административни службеници[3];
- Стратешките и годишните планови на Министерството за правда;
- Актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Министерството за правда;
- Годишните извештаи за примена на ЗБПП од 2019 до 2021;
- Релевантни извештаи кои се однесуваат на институционалната рамка во Министерството за правда
  - Функционална анализа на Министерството за правда на Република Северна Македонија
  - Општ извештај за државната реорганизација [4]
- Записниците од состаноците на Националното координативно тело за примена на Законот за бесплатна правна помош

б) Прибирање податоци

По писмен пат, од Министерството за правда беа побарани и добиени следниве податоци:

- Број и звања на вработени лица во Одделението за бесплатна правна помош и подрачните одделенија
- Податоци за техничките капацитети на Одделението и подрачните одделенија
- Податоци за просторните капацитети

в) Истражувачки прашања (Рамка)

Врз основа на прегледот на документите и прибраните податоци тимот направи обид да даде одговор на следниве прашања:

- Кои надлежности произлегуваат од Законот за бесплатна правна помош за Министерството за правда?
- Дали постојната внатрешна организација е соодветна да обезбеди делотворно, квалитетно и трошочно-ефикасно спроведување на надлежностите кои произлегуваат од ЗБПП?

---

[3] Закон за административните службеници, Службен весник бр. 27/2014 и др.

[4] Gruberte, D., Antonovs, A. & Kube, G. *Synthesis Report on State Reorganisation*. Support to State Reorganisation - Project Identification N° EuropeAid/144876/DH/SER/MK. Skopje, 2021.

- Дали човечките ресурси со кои располага Министерството за правда се доволни и обучени да ги извршат работните задачи кои произлегуваат од ЗБПП?
- Дали и во колкава мерка постојната техничка и просторна опременост овозможува непречено извршување на работните задачи кои произлегуваат од ЗБПП.

**ЗАБЕЛЕШКА:**

- Авторите се запознаени со тековните иницијативи за реорганизација на јавната администрација како и процесот за оцена на изводливоста за унифицирање на управувањето со правната помош во граѓански и управни работи со правната помош за обвинетите во кривичната постапка во едно единствено тело. Овој документ дава препораки за унапредување на институционалната рамка за примена на ЗБПП доколку остане постојната институционална поставеност.
- Авторите и покрај обидите да се добијат последни и точни податоци кои се однесуваат на прашањата предмет на оваа анализа не ја исклучуваат можноста во меѓувреме, од доставувањето на податоците до објавувањето на овој документ да има настанато одредени промени.

# 2 НАДЛЕЖНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА ПОВРЗАНИ СО БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА ПОМОШ

Надлежностите на Министерството за правда извираат пред сѐ од ЗБПП, а се дополнително, разработени, дефинирани и доверени на работа на посебните организациони единици со Правилникот за внатрешна организација на Министерството за правда[5].

Според природата на работите надлежностите можат да се класифицираат во неколку групи.

**а. Нормативна дејност, координација и следење на политики**

- Подготвува предлози на закони и подзаконски акти[1] поврзани со давањето бесплатна правна помош;
- Изготвува извештаи, анализи, осврти, информации и други материјали за Собранието, Владата и други органи, како и изготвува Годишен извештај за БПП за активностите поврзани со обезбедување на правна помош;
- Обработува статистички податоци за дадената правна помош;
- Подготвување на книги, обрасци и други материјали за потребите на подрачните одделенија за давањето на бесплатната правна помош;
- Соработува со овластените даватели на бесплатна правна помош во процесот на давање примарна и секундарна правна помош, како и со Адвокатската комора, правосудните органи, како и со центарот за социјална работа, државните органи и другите надлежни институции;

**б. Обезбедување примарна правна помош**

- Давање примарна правна помош од овластени службени лица;
- Водење евиденција за податоците што се однесуваат на дадената примарна правна помош;

**в. Постапување по управни постапки**

*(Одлучување по барања за секундарна правна помош)*

- Прием и постапување по поднесените барања за секундарна правна помош правна помош;
- Побарува од надлежни институции податоци и соодветна доказна документација за оценка и проценка на материјална, финансиска и имотна состојба на

5 Министерство за правда, Правилник за внатрешна организација на Министерството за правда бр. 01-2161/1 од 19.06.2015 и 01-5602/1 од 31.12.2019.

барателот на секундарна правна помош и/или членовите на семејство со кои живее во заедничко домаќинство;

- Одлучува по поднесено барање за секундарна правна помош и назначува адвокат;
- Одлучува по поднесен приговор на известувањето со кое се одбива барањето за секундарна правна помош, поднесен од барателот;
- Одлучува за прекинување на одобрена секундарна правна помош, како и за надомест на исплатени трошоци за неоправдано добиена секундарна правна помош

*(Упис и водење регистри)*

- Постапува по поднесените барања за упис и изготвува решенија за упис во Регистар на адвокати, Регистар на здруженија овластени за давање примарна правна помош, Регистар на правни факултети овластени за давање на примарна правна помош;
- Води Регистар на адвокати, Регистар на здруженија овластени за давање примарна правна помош, Регистар на правни факултети;

*(Одлучување за исплата на трошоци на даватели на правна помош)*

- Ги разгледува трошковниците за надомест на извршената работа од овластените даватели на примарна и секундарна правна помош, донесува решенија за исплаќање на трошоците или решенија со кои нема да се исплати бараниот надомест;

*(Постапување по управни спорови)*

- Изработка на акти и преземања на дејствија во постапка по управен спор иницирана против конечен акт донесен врз основа на ЗБПП;

**г. Надзорни и контролни функции**

- Врши надзор над дадена примарна правна помош
- Врши увид во давањето секундарна правна помош
- Ја следи состојбите со бесплатната правна помош, со постојано унапредување на методот на работа, преку координација и насочување на работата на подрачните одделенија.

**д. Надлежности поврзани со финансирање**

- Раководи со буџетот на Министерството за правда за правна помош
- Води постапка по јавен конкурс за доделување средства на здруженија и правни клиники за давање примарна правна помош и го следи наменското трошење на средствата (чл. 11, ЗБПП)

**ѓ. Посебни надлежности**

- Ја составува и ажурира листата на адвокати кои обезбедуваат бесплатна правна помош во постапка за признавање право на азил на секои 3 месеци, ја доставува до надлежна институција за одлучување по барања за азил.

# 3 НАОДИ

## 3.1. Внатрешната организација на Министерството за правда

Внатрешната организација на Министерството за правда, видот и бројот на организационите облици, нивната надлежности и делокруг на работа, начинот и формите на раководењето се утврдени со **Правилникот за внатрешна организација на Министерството за правда од јануари 2020 година**[6] (понатаму во текстот: Правилник). Согласно Правилникот, во министерството се формирани 11 сектори и 65 одделенија од кои 34 подрачни одделенија, како различни организациони единици.

Министерството за правда за спроведување на надлежностите од ЗБПП, настапува преку Одделението за бесплатна правна помош (понатаму во текстот: Одделението) како одделение во состав на Секторот за бесплатна правна помош и политички систем и 21 подрачни одделенија со 23 подрачни канцеларии распространети на територија на Република Северна Македонија.

*- Органограм на Министерство за правда[7] -*




[6] Министерство за правда, Правилник за внатрешна организација на Министерството за правда бр. 01-2161/1 од 19.06.2015 и 01-5602/1 од 31.12.2019.
[7] Преземено од https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/organogran%20na%20MP.pdf, составен дел на Правилникот за внатрешна организација на Министерството за правда од 2020 година, достапен на https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Pravilnik%20za%20vnatresna%20organizacija-precisten%20tekst%20 2020_.pdf, страна 30.

## а. Одделение за бесплатна правна помош

Одделението е сместено во главниот објект на Министерството за правда кој се наоѓа на Ул. Димитрие Чуповски 9, во главниот град Скопје. Законот за бесплатна правна помош не содржи одредба со која точно и прецизно се уредуваат надлежностите, обврските и одговорностите на Одделението за бесплатна правна помош како организационен облик на Министерството.

Единствениот акт во кој се предвидува надлежност на Одделението во врска со бесплатната правна помош, е подзаконскиот акт Правилник за начинот на постапување по барањето за секундарна правна помош. Во овој правилник, во член 7 е уредена ситуација во која барател чие барање за секундарна правна помош е одбиено од подрачното одделение може да поднесе приговор до подрачното одделение, кое пак, има обврска приговорот со списите од предметот да ги достави до Одделението на одлучување. Надлежноста за одлучување по приговор на одбиени баратели на секундарна правна помош не е уредена во Правилникот за внатрешна организација на Министерството за правда во делот на пропишани работи и задачи на Одделението.

Дополнително, ЗБПП изречно не ја наметнува обврската за водење евиденција за доставени барања до други органи од страна на Одделението (која што обврска е предвидена со Правилникот за внатрешна организација). Видно од Правилник за содржината, формата и начинот на водење евиденција за податоците што се однесуваат на решавањето на поднесените барања за секундарна правна помош и содржината на извештаите кои овластеното службено лице од подрачното одделение ги изготвува на секои шест месеци, овластеното службено лице во подрачното одделение води Уписник за секундарна правна. Еден од податоците кои овластеното службено лице ги запишува во Уписникот е број на примени податоци од други органи (со поделба за примен податок во законски рок и по истек на законски рок). Наспроти Уписникот, постои пропишан образец на шестмесечен извештај кој овластеното службено лице во подрачното одделение го поднесува до Одделението, во кое податок за доставени барања до други органи не е содржан.

Со ЗБПП од 2019 година се изврши децентрализација во постапувањето со барањата за секундарна правна помош, со тоа што надлежноста за постапување по барањата се пренесе на подрачните одделенија. Одделението за БПП при МП ја нема законската обврска да врши проверка на податоците од соодветните органи. Оттука и потребата од усогласување на надлежноста на Одделението од подзаконскиот акт кој произлегува од ЗБПП со Правилникот за внатрешна организација.

***Преглед на работни задачи на Одделението согласно Правилникот за внатрешна организација***

- подготвување предлози на закони и други прописи во врска со давањето на бесплатната правна помош;
- изготвување извештаи, анализи, осврти, информации и други материјали за Собранието на РСМ, Владата на РСМ и други органи, што се однесуваат за давањето на бесплатната правна помош;
- водење евиденција на примени барања за бесплатна правна помош;
- водење евиденција за доставени барања до други органи;
- водење на регистри на адвокати и здруженија;
- вршење проверка на податоците од соодветните органи;
- подготвување на книги, обрасци и други материјали за потребите на подрачните одделенија за давањето на бесплатната правна помош;
- подготвување решенија за запишување во регистарот на адвокати и во регистарот на здруженијата;
- изготвување решенија за исплата на надомест;
- следење на состојбите во областа за давањето на бесплатна правна помош и унапредување на методот на работа; и
- врши други работи определени со закон и друг акт, а се однесуваат на бесплатната правна помош.

## б. Подрачните одделенија

Канцелариите на подрачните одделенија, согласно член 5 точка 5 од Правилникот можат да се наоѓаат во различни градови:

- Подрачно одделение (со подрачни канцеларии) во Берово и Радовиш
- Подрачно одделение Македонски Брод
- Подрачно одделение Валандово
- Подрачно одделение Гевгелија
- Подрачно одделение (со подрачни канцеларии) во Виница и Кочани
- Подрачно одделение Делчево
- Подрачно одделение (со подрачни канцеларии) во Неготино и Кавадарци
- Подрачно одделение (со подрачни канцеларии) во Крива Паланка и Пробиштип
- Подрачно одделение Ресен
- Подрачно одделение (со подрачни канцеларии) во Свети Николе и Велес
- Подрачно одделение Кичево
- Подрачно одделение Охрид
- Подрачно одделение Струга

- Подрачно одделение Струмица
- Подрачно одделение Штип
- Подрачно одделение Битола
- Подрачно одделение (со подрачни канцеларии) во Прилеп, Демир Хисар и Крушево
- Подрачни одделение (со подрачни канцеларии) во Куманово и Кратово
- Подрачни одделение (со подрачни канцеларии) во Гостивар и Дебар
- Подрачно одделение Тетово
- Подрачно одделение Скопје, со подрачни канцеларии Карпош, Центар, Чаир, Гази Баба и Кисела Вода.

Според податоците добиени од Одделението, во моментот на изработување на овој документ, функционални се:

- 18 подрачни одделенија (Берово, Битола, Валандово, Виница, Гевгелија, Гостивар, Делчево, Кичево, Крива Паланка, Неготино, Охрид, Прилеп, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово и Штип) и
- 12 подрачни канцеларии (Дебар, Прилеп, Демир Хисар, Кавадарци, Кочани, Крушево, Пробиштип, Радовиш и четири Скопски подрачни канцеларии: Центар, Кисела Вода, Карпош и Гази Баба).

Иако во податокот добиен од претставници на Министерство за правда од Одделението за бесплатна правна помош не беше посочено, сепак од овие информации може да се заклучи дека не се функционални подрачните одделенија и подрачни канцеларии во: Македонски Брод, Велес, Куманово и Кратово, и скопската подрачна канцеларија Чаир.

Според Правилникот за внатрешна организација, во подрачните одделенија се вршат следните работи и задачи:

- комплетирање на документацијата по барања за бесплатна правна помош;
- давање примарна правна помош;
- водење евиденција на примени барања за бесплатна правна помош;
- водење евиденција за доставени барања до други органи;
- информирање граѓаните за користење на бесплатна правна помош;
- врши други работи определени со закон и друг акт.

Законот за бесплатна правна помош е јасен во поглед на надлежностите на подрачните одделенија бидејќи содржи јасна формулација за определена задача која е делегирана кон нив. Но доколку се споредат работите и задачите од Правилникот за внатрешна организација на МП со надлежностите од ЗБПП, се препорачува нивно допрецизирање со додавање на обврската за водење евиденција за податоци што се донесуваат на дадена

примарна правна помош, соработката со овластени даватели на примарна и секундарна правна помош, надлежноста за постапување и одлучување по поднесено барање за секундарна правна помош, како и врши назначување на адвокат од листата на адвокати кога барањето за СПП е одобрено (или промена на адвокатот под определени законски услови).

Подрачните одделенија структурно не се подредени на Одделението за бесплатна правна помош туку на Секторот за бесплатна правна помош и политички систем. Раководителот на Одделението за бесплатна правна помош не се смета за непосредно претпоставен административен службеник во смисла на Законот за административните службеници.

## 3.2 Човечките ресурси и обемот на работа

Вкупниот број на работни места потребни за извршување на надлежностите на МП, распоред на работни места по организациони облици, шифра, називи и опис на работни места, како и посебни услови за извршување на работните задачи и задачите на одделни работни места, се утврдени со **Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за правда**, пречистен текст од 2021[8] (понатаму во текстот како: Акт за систематизација).

**ЗАБЕЛЕШКА**

Ниту во ЗБПП ниту во актот за систематизација не се дадени индикатори за следење на ефективноста на работата на одделението за бесплатна правна помош, ниту пак податоци кои ќе се собираат и анализираат за да се оцени кој е обемот на нивната работа, дали и во која мера извршуваат работните задачи.

### а. Одделение за бесплатна правна помош

#### Човечки ресурси

Според Актот за систематизација, во Одделението за БПП се предвидени 5 работни места: Раководител на Одделението, Советник за надзор и постапување по барања за бесплатна правна помош, Виш соработник за постапување по барања за бесплатна правна помош, Помлад соработник за бесплатна правна помош и евиденција, Помлад соработник за постапување по барања за бесплатна правна помош и ажурирање на документација.

[8] Правилник за систематизација на работните места во Министерство за правда, пречистен текст, во клучени правилници бр. 01-2162/1 од 19.06.2015, 01-1684/1 од 30.03.2016, 01-1684/4 од 10.10.2016, 01-2554/1 од 19.04.2018, 01-2554/6 од 05.06.2018, 01-5603/1 од 31.12.2019, 01-854/3 од 17.11.2020, 01-624/1 од 24.02.2021 и 01-624/2 од 24.02.2021.

Според **Годишниот извештај за примена на Законот за бесплатна правна помош за 2021 година**[9], Одделението за бесплатна правна помош е екипирано со 5 вработени, без посочување на работните места и звања на вработените иако од податоците објавени на веб страницата на Министерството за правда произлегува дека работат три лица.

**Раководителот на одделението** (Пополнето)

Со Одделението раководи Раководител. Работни задачи и обврски на Раководителот на одделението утврдени во Актот за систематизација се да:

- ја организира, насочува и координира работата и врши непосредна контрола и надзор над
- извршувањето на работите;
- ги распоредува работите и задачите на вработените, го следи текот на нивното извршување и дава упатства и потребна стручна помош во работата и вршењето на работи и задачи во областа на бесплатната правна помош;
- пренесува инструкции и ги спроведува дадените насоки и дава упатства за извршување на работите и задачите;
- води и комплетира управна постапка;
- одговара за навремено, законито и квалитетно извршување на работите и задачите кои се вршат во одделението;
- учествува во подготвување на предлози за донесување на закони и предлози на закони и други прописи и општи акти од делокругот на работата на одделението;
- остварува редовни контакти со другите раководители на одделенијата и разменува информации и искуства;
- врши оценување на административните службеници во Одделението; и
- извршува други работи утврдени со актот за систематизација на работните места на Министерството.

За навремено, законито и квалитетно извршување на работите и задачите кои се вршат во одделението, Раководителот е одговорен пред Раководителот на Секторот за бесплатна правна помош и политички систем. Во моментот на изработување на овој документ, нема назначено Раководител на секторот.




[9] Министерство за правда, Годишен извештај за примена на Законот за бесплатна правна помош, 2021. Страна 6.

**„Советник за надзор и постапување по барања за бесплатна правна помош“**
(испразнето)

Работните задачи и обврски на советникот се да: учествува во изготвувањето на предлози на закони и други правни акти; учествува во изготвување анализи, информации, извештаи и други материјали во врска со бесплатната правна помош; подготвува решенија за запишување во регистарот на адвокати и регистарот на здруженија; врши проверка на податоците во соодветните органи, поврзани со бесплатна правна помош; подготвува решенија за одобрена правна помош и подготвува решенија во управна постапка; континуирано ги следи прописите од областа и делокругот на одделението; и извршува други работи утврдени со актот за систематизација на работните места на Министерството.

Работната обврска да подготвува решенија за одобрена правна помош и решенија во управна постапка му припаѓа на Советник за надзор и постапување по барања за бесплатна правна помош. Досегашната пракса покажува дека решението со кое се одлучува по приговорот на барателот, се изготвува од помлад соработник, контролата на одлучување по приговорот ја прави раководителот на одделението за БПП при Секторот, а така подготвеното и контролирано решение го одобрува Државниот советник за бесплатна правна помош на Министерот. Заради исполнување на утврдените работни задачи на Советникот, потребно е пополнување на ова работно место.

Иако според Годишниот извештај за примена на ЗБПП од 2021 е посочено дека одделението е екипирано со 5 вработени, според **Списокот на вработени лица во Министерството за правда** (од декември 2021), произлегува дека ова работно место е испразнето.

Од аспект на значењето на работните задачи и обврски што ги има Советникот во бесплатната правна помош, а е поврзано со Водење на регистри на овластени даватели е и задачата да подготвува решенија за запишување во регистарот на адвокати и регистарот на здруженија. Во споредба со работите и задачите што Вишиот соработник за постапување по барања за бесплатна правна помош ги прави во однос на истото, потребно е допрецизирање на истите во поглед на можност за распределба на оваа задача кон пониските работни места.

Исто така, потребно е и усогласување на работната задача за вршење на проверка на податоците во соодветните органи, поврзани со бесплатна правна помош со надлежноста делегирана со ЗБПП на подрачните одделенија.

**„Виш соработник за постапување по барања за бесплатна правна помош“**
(Испразнето)

Работните задачи и обврски на вишиот соработник се да: постапува по барања за бесплатна правна помош и подготвува решенија за одобрена правна помош; ги следи и проучува законите и другите прописи и општи акти; учествува во изготвување на тези и предлози на закони, други прописи и општи акти; врши прибирање и обработка

на податоци; учествува во изготвување на анализи, мислења по предлози на закони и други општи акти и материјали, и дава стручни појаснувања за примената на законите; предлага ставови за начелни системски прашања; подготвува решенија за запишување во регистарот на адвокати и регистарот на здруженија; врши проверка на податоците во соодветните органи, поврзани со бесплатна правна помош; и извршува други работи утврдени со актот за систематизација на работните места на Министерството.

Иако според Годишниот извештај за примена на ЗБПП од 2021 е посочено дека одделението е екипирано со 5 вработени, според **Списокот на вработени лица во Министерството за правда** (од декември 2021), произлегува дека ова работно место е испразнето.

**„Помлад соработник за бесплатна правна помош и евиденција“** (Пополнето)

Според **Списокот на вработени лица во Министерството за правда** (од декември 2021), произлегува дека ова работно место е пополнето. Работни задачи и обврски на помладиот соработник се да: учествува во изготвување на тези и предлози за донесување на закони, други прописи и општи акти; врши прибирање и обработка на податоци; учествува во изготвување на анализи, мислења по предлози на закони и други општи акти и материјали; води евиденции од оваа област; подготвува решенија за запишување во регистарот на адвокати и регистарот на здруженија; ги следи и проучува законите и другите прописи и општи акти; и извршува други работи утврдени со актот за систематизација на работните места на Министерството.

**„Помлад соработник за постапување по барања за бесплатна правна помош и ажурирање на документација“** (Пополнето)

Работни задачи и обврски на помладиот соработник се да: постапува по барања за бесплатна правна помош и подготвува решенија за одобрена правна помош; ги следи и проучува законите и другите прописи и општи акти; учествува во изготвување на анализи, мислења по предлози на закони и други општи акти и материјали, и дава стручни појаснувања за примената на законите; подготвува решенија за запишување во регистарот на адвокати и регистарот на здруженија; врши работи и задачи што произлегуваат од прописите за бесплатната правна помош со упатства и надзор од раководителот на Одделението; врши административно-документациони работи; врши помошни работи при постапување по барања за бесплатна правна помош; прибира и обработува податоци како основа за изготвување на анализи и информации; дава појаснувања заради ажурирање на доставената документација по барањата за бесплатна помош; врши проверка на податоците во соодветните органи, поврзани со бесплатна правна помош; и извршува други работи утврдени со актот за систематизација на работните места на Министерството.

Работните задачи и обврски на Помладиот соработник за постапување по барања за бесплатна правна помош и ажурирање на документација би требало да се усогласат со новите надлежности на Министерство за правда дадени со Законот за бесплатна правна помош. Голем дел од работите и задачите кои се извршуваат на ова работно место со новиот закон се делегирани на подрачните одделенија.

*- Сумарен преглед на систематизирани и пополнети работни места во Одделението за БПП -*

| 2022 година | Систематизирани работни места | Пополнети (според јавно достапни податоци)[10] | Пополнети (според податоци добиени од МП) |
|---|---|---|---|
| Раководител на Одделение за БПП при Секторот | 1 | 1 | Според Годишен извештај за примена на ЗБПП за 2021, страна 7, во одд. има 5 вработени, без назначување на нивните звања |
| Советник за надзор и постапување по барања за БПП (во Одд за БПП) | 1 | 0 | |
| Виш соработник за постапување по барања за БПП (во Одд за БПП) | 1 | 0 | |
| Помлад соработник за БПП и евиденција (во Одд за БПП) | 1 | 1 | |
| Помлад соработник за постапување по барања за БПП и ажурирање на док. (во Одд за БПП) | 1 | 1 | |
| **ВКУПНО:** | **5 (според добиени податоци од Одд за БПП)** | **3 (според јавно објавени податоци)** | **5 (според Годишен извештај за БПП од 2021)** |

## Обем на работа

Во периодот септември и првата половина на октомври 2019 година, МП ги усвои и објави 17 подзаконски акти[11]. Потребно е да се изврши ревизија на ЗБПП во поглед на подготовка на дел од подзаконските акти кои не се изработени до сега. Одделението за БПП редовно подготвува Годишни извештаи за спроведување на ЗБПП. Годишните извештаи се достапни на веб страната на министерството.

Дополнително, Одделението има значителен обем на работа поврзан со постапувањето по поднесени приговори против одлуки со кои не се одобрува секундарна правна помош и по поведени управни спорови.

Согласно ЗБПП, Одделението ги води регистрите на адвокати, здруженија и правни клиники, односно правни факултети во чиј состав се правните клиники, сите со овластување за БПП, а на таа основа е овластено да одлучува со решенија за упис или бришење на давателите од регистрите. Дополнително, Одделението има изработено и посебна листа на адвокати за давање секундарна правна помош на баратели на азил.

[10] Список на вработени во МП_10122021(1).pdf (pravda.gov.mk)
[11] Функционална анализа на Министерство за правда, страна 36

*- Преглед на издадени решенија за упис на даватели на бесплатна правна помош 2019–2022 -*

| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | Моментална состојба: |
|---|---|---|---|---|---|
| **Регистар на адвокати** | +40 | +83 | +46 | +35 | 476 |
| **Регистар на здруженија** | Веќе упишани - 10 | +1 | +4 | 0 | 15 |
| **Регистар на Правни факултети** | 3 | +3 | 0 | +1 | 7 |

Една од надлежностите на Одделението е да одлучува по поднесени трошковници од овластени даватели на бесплатна правна помош преку изготвување решенија за исплата на надоместот. МП не води статистика за број на исплатени адвокати, број на исплатени здруженија, како и за број на поднесени трошковници и изготвени решенија за исплата на надомест.

*- Преглед на исплатени средства од буџетска сметка 637 - Програма 10 Администрација - Ставка 425 Договорни услуги –*

| **Година** | **Исплатени средства на здруженија** | **Исплатени средства на адвокати** |
|---|---|---|
| **2019** | 16.500 ден | 1.159.572 ден |
| **2020** | 43.500 ден | 1.557.676 ден |
| **2021** | 39.155 ден | 1.697.103 ден |
| **ВКУПНО за три години:** | **99.155 ден** | **4.414.351 ден** |

## б. Подрачни одделенија

### Човечки ресурси

Според Актот за систематизација, во подрачните одделенија се предвидени работни места со 11 називи на работните места, и тоа: Раководител на подрачно одделение, Советник за бесплатна правна помош, Виш соработник за бесплатна правна помош, Соработник за бесплатна правна помош, Помлад соработник за бесплатна правна помош, Самостоен референт за бесплатна правна помош и ажурирање на документацијата, Виш референт за бесплатна правна помош и евиденција, место Референт за бесплатна правна помош, евиденција и архивирање, Помлад референт за бесплатна правна помош и архивирање, Помлад референт (доставувач), Курир. **Вкупниот број на вработени распоредени по работни места (извршители) предвиден според систематизацијата е 145.**

**Раководители на подрачните одделенија**, според Актот за систематизација се предвидени вкупно 21 извршители, кои се одговорни за својата работа пред Раководителот на Секторот за бесплатна правна помош и политички систем. Според податоците добиени од Министерство за правда, пополнети се вкупно 10 работни места со ова звање во подрачните одделенија. Во моментов, нема назначено лице на работно место Раководи-

тел на Сектор за бесплатна правна помош и политички систем пред кого раководителите на подрачните одделенија се одговорни.

Систематизирани се 4 извршители на работно место **„Советник за бесплатна правна помош“**, во ПО Струга, ПК Куманово, ПК Карпош и ПК Кисела Вода. Според објавените податоци[12], советници се вработени само во три подрачни одделенија. Советникот за бесплатна правна помош е одговорен за својата работа пред Раководителот на подрачното одделение. Во ПО Струга нема раководител на ПО, а има советник за бесплатна правна помош. Оттука работата која ја извршува советникот не е под надзор, со што се доведува во прашање квалитетот и ефективноста на извршените задачи.

Од друга страна подрачните канцеларии во Карпош и Кисела Вода не е јасно пред кого одговараат за својата работа, од причина што има предвидено раководител на ПО Скопје за кое не е доволно јасно кое е ова одделение, а уште повеќе работно место раководител на ПО Скопје не е пополнето.

Систематизирани се 5 виши соработници на работно место **Виш соработник за бесплатна правна помош**, а пополнети се 3 работни места, додека од објавените податоци[13] е наведено дека во четири подрачни одделенија.

Систематизирани се 3 работни места за звање Соработник и назив на работно место **Соработник за бесплатна правна помош**, а пополнети се 2 работни места. Иако во ПК Кочани е систематизирано но не е пополнето работното место Соработник за БПП, треба да се има предвид дека во ПК Кочани не е ниту систематизирано работно место раководител на одделението, па оттука постои неуреденост на надзорот (односно одговорноста пред) определен повисок по ранг службеник.

Најголем број на извршители се систематизирани како Помлади соработници за бесплатна правна помош дури 57 извршители. На веб страната на Министерството, достапни се податоци за 40 вработени лица.  Помладиот соработник за БПП за својата работа е одговорен пред Раководителот на одделението. Работно место Помлад соработник за БПП е пополнето во ПК Радовиш, ПК Пробиштип, ПК демир Хисар, ПК Кавадарци и ПК Дебар, но во овие канцеларии не е систематизирано воопшто работно место Раководител. Од друга страна, во ПО Македонски брод, Гевгелија, Штип, Битола, Центар (Скопје), Гази Баба (Скопје), Струга, Кичево и Гостивар, иако е систематизирано работно место раководител на одделение, сепак оваа позиција не е пополнета. Во секој случај, надзорот на работатата во овие одделенија/канцеларии е оставен нерегулиран, па за својата работа овие помлади соработници не се одговорни пред никој од повисок ранг.

Систематизирани се 11 работни места **„Самостоен референт за бесплатна правна помош и ажурирање на документацијата“**. Според податоци добиени од Министерство за правда пополнети се 9 работни места.  Со звање **Виш референт за бесплатна правна помош и евиденција** систематизирано е едно работно место во ПК Кочани кое е пополнето.

Според актото за систематизација, предвидени се 5 извршители со звање Референт, за работно место **Референт за бесплатна правна помош, евиденција и архивирање.** Овие работни места се во целост пополнети. За работно место **Помлад референт за бесплатна правна помош и архивирање**, спроед актот за систематизација се предвидени 11 извршители. Според податок добиен од МП, вработени се 19 Помлади референ-

[12] Ибид.
[13] Ибид.

ти но овој податок треба да се земе со голема резерва бидејќи има уште едно систематизирано звање Помлад референт (доставувач) со систематизирани 13 извршители (за работно место Помлад референт (доставувач) види веднаш подоле).

| **Работно место** | **Раководител на ПО** | | **Советник за бесплатна правна помош** | | **Виш соработник за бесплатна правна помош** | | **Соработник за бесплатна правна помош** | | **Помлад соработник за бесплатна правна помош** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПО/ПК | Сис. | Поп. | Сис. | Поп. | Сис. | Поп. | Сис. | Поп. | Сис. | Поп. |
| ПК Берово | 1 | 1 | | | | | | | 1 | 0 |
| ПО Мак. Брод | 1 | 0 | | | | | | | 1 | 1 |
| По Валандово | 1 | 1 | | | | | | | 1 | 0 |
| ПО Гевгелија | 1 | 0 | | | | | | | 1 | 1 |
| ПК Виница | 1 | 1 | | | | | | | 1 | 1 |
| ПО Делчево | 1 | 1 | | | | | | | 1 | 0 |
| ПК Неготино | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 |
| ПК Крива Паланка | 1 | 1 | | | | | | | | |
| ПО Ресен | 1 | 1 | | | | | | | 1 | 1 |
| ПК Свети Николе | 1 | 1 | | | | | | | 1 | 0 |
| ПО Кичево | 1 | 0 | | | | | | | 4 | 4 |
| ПО Охрид | 1 | 0 | | | 1 | 1 | | | 1 | 0 |
| ПО Струга | 1 | 0 | 1 | 0 | | | | | 2 | 1 |
| ПО Струмица | 1 | 0 | | | | | 1 | 1 | 1 | 0 |
| ПО Штип | 1 | 0 | | | | | | | 1 | 1 |
| ПО Битола | 1 | 0 | | | 1 | 1 | | | 1 | 1 |
| ПО Прилеп | 1 | 0 | | | | | | | 1 | 0 |
| ПК Куманово | 1 | 1 | 1 | 0 | | | | | 3 | 2 |
| ПК Гостивар | 1 | 0 | | | 2 | 1 | | | 5 | 4 |
| ПО Тетово | 1 | 1 | | | | | | | 15 | 15 |
| По Скопје | 1 | 0 | | | | | | | | |
| ПК Карпош | | | 1 | 1 | | | | | | |
| ПК Кисела Вода | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | |
| ПК Кочани | | | | | | | 1 | 0 | 1 | 0 |
| ПК Пробиштип | | | | | | | | | 1 | 1 |
| ПК Велес | | | | | | | | | 1 | 0 |
| ПК Демир Хисар | | | | | | | | | 1 | 1 |
| ПК Крушево | | | | | | | | | 1 | 0 |
| ПК Кратово | | | | | | | | | 1 | 0 |
| ПК Центар | | | | | | | | | 1 | 1 |
| ПК Чаир | | | | | | | | | 1 | 0 |
| ПК Гази Баба | | | | | | | | | 1 | 1 |
| ПК Кавадарци | | | | | | | | | 2 | 1 |
| ПК Дебар | | | | | | | | | 2 | 1 |
| ВКУПНО | 21 | 10 | 4 | 3 | 5 | 4 | 3 | 2 | 57 | 40 |

Звањето Помлад референт на работно место **Помлад референт (доставувач)** е вклучено во актот за систематизација на работни места со предвидени број на извршители вкупно 13 од кои според објавените податоци пополнети се 12 работни места. Систематизирани се тројца извршители на работно место **Курир**, кои позиции и работни места се пополнети.

| **Помлад соработник за бесплатна правна помош** | | **„Самостоен референт за бесплатна правна помош и ажурирање на документацијата"** | | **Виш референт за бесплатна правна помош и евиденција** | | **Референт за бесплатна правна помош, евиденција и архивирање** | | **Помлад референт за бесбна правна помош и архивирање** | | **Помлад референт (доставувач)** | | **Курир** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сис. | Поп. | Сис. | Поп. | Сис. | Поп. | Сис. | Поп. | Сис. | Поп. | Сис. | Поп. | Сис. | Поп. |
| 1 | 0 | | | | | | | | | | | | |
| 1 | 1 | | | | | | | | | 1 | 1 | | |
| 1 | 0 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| 1 | 1 | | | | | 1 | 1 | | | | | | |
| 1 | 1 | 1 | 1 | | | 1 | 1 | | | 1 | 0 | | |
| 1 | 0 | | | | | | | | | | | | |
| 1 | 1 | | | | | 1 | 1 | | | 1 | 1 | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | 1 | | | | | | | | | 1 | 1 | | |
| 1 | 0 | | | | | | | 1 | 0 | | | | |
| 4 | 4 | 3 | 3 | | | | | 1 | 1 | | | 1 | 1 |
| 1 | 0 | | | | | | | | | | | | |
| 2 | 1 | | | | | | | | | | | | |
| 1 | 0 | | | | | | | | | | | | |
| 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 5 | 6 | 1 | 1 |
| 1 | 0 | | | | | | | | | | | | |
| 3 | 2 | 2 | 1 | | | | | 2 | 2 | | | | |
| 5 | 4 | 1 | 0 | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | | 1 | 1 |
| 15 | 15 | | | | | 1 | 1 | 3 | 3 | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | 1 | 1 | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | 0 | | | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 | | |
| 1 | 1 | | | | | | | | | 1 | 0 | | |
| 1 | 0 | | | | | | | | | | | | |
| 1 | 1 | | | | | | | | | | | | |
| 1 | 0 | | | | | | | | | | | | |
| 1 | 0 | | | | | | | | | | | | |
| 1 | 1 | | | | | | | | | | | | |
| 1 | 0 | | | | | | | 1 | 0 | | | | |
| 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | 1 | 1 | | | | |
| 2 | 1 | | | | | | | | | 2 | 2 | | |
| 2 | 1 | | | | | | | | | | | | |
| 57 | 40 | 11 | 9 | 1 | 1 | 5 | 5 | 11 | 9 | 13 | 12 | 3 | 3 |

## Обем на работа

Со ЗБПП се наметнаа нови овластувања на подрачните одделенија при давање на бесплатна правна помош на граѓаните и другите лица согласно законот. Се изврши децентрализација на процесот на одлучување од Министерството на мрежа овластени лица од подрачни одделенија. Во 2019, Министерството издаде 19 овластувања на вработени во подрачни одделенија, додека во 2020 издаде овластување на плус уште едно лице. Во моментот, бројката на овластени службени лица во подрачните одделенија е 21, и тоа во: ПО Берово, ПО Македонски брод, ПО Валандово, ПО Виница, ПО Делчево, ПО Неготино, ПО Крива Паланка, ПО Ресен, ПО Свети Николе, ПО Кичево, ПО Охрид, ПО Струфа, ПО Штип, ПО Битола, ПО Крушево, ПО Куманово, По Гостивар, ПО Тетово, ПО Карпош, ПО Центар, ПО Кисела Вода, ПО Гази Баба[14].

Подрачните одделенија се овластени да даваат примарна правна помош (правни совети, правни информации, информации за правото на БПП, помош при состав и комплетирање на барање), да постапуваат по поднесено барање за секундарна правна помош (да ја испитаат материјалната и финансиска состојба на барателот и членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство), да издаде реален акт (потврда за одобрување или известување за одбивање на барањето), да ја организира првата средба меѓу корисникот на секундарна правна помош и адвокатот, да ја следи работата на адвокатот и другите овластени даватели на БПП, како и да учествуваат при спроведување и реализација на деновите за бесплатна правна помош. Последното не е законска обврска, но се подразбира бидејќи согласно член 43 Министерството е задолжено со организација и соработка со конкретните чинители, а подрачните одделенија се во склоп на Министерството.

За навремено, квалитетно и ефективно да ги извршуваат своите работи, подрачите одделенија треба да бидат екипирано со доволен број вработени. Во продолжение е даден преглед на број на систематизирани и број на пополнети работни места за секое подрачно одделение посебно.

14 Податоци преземени од МП - ПО детален список_koregiran.pdf (pravda.gov.mk)

*Преглед на дадена примарна правна помош по подрачни одделенија по години*

| ППП | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Крушево | 10 | 9 | 0 |
| Крива Паланка | 3 | 4 | 32 |
| Берово | 37 | 71 | 37 |
| Битола | 34 | 10 | 24 |
| Македонски Брод | 1 | 0 | 4 |
| Виница | 4 | 0 | 6 |
| Валандово | 7 | 2 | 45 |
| Гевгелија | 4 | 4 | 11 |
| Гостивар | 10 | 3 | 24 |
| Дебар | 11 | 27 | 35 |
| Делчево | 10 | 6 | 2 |
| Демир Хисар | 0 | 54 | 54 |
| Кавадарци | 11 | 37 | 112 |
| Кичево | 17 | 9 | 19 |
| Неготино | 8 | 21 | 50 |
| Охрид | 5 | 0 | 3 |
| Ресен | 49 | 23 | 67 |
| Свети Николе | 5 | 0 | 5 |
| Струга | 9 | 19 | 36 |
| Струмица | 30 | 30 | 96 |
| Тетово | 16 | 173 | 162 |
| Куманово | 30 | 13 | 35 |
| Штип | 12 | 16 | 33 |
| Карпош | 19 | 31 | 50 |
| Кисела Вода | 9 | 31 | 47 |
| Гази Баба | 16 | 15 | 27 |
| Прилеп | | 19 | 16 |
| Пробиштип | | 12 | 0 |
| Радовиш | | 24 | 103 |
| Кратово | | | 1 |
| Центар | | | 35 |
| Чаир | | | 0 |
| **ВКУПНО** | **367** | **663** | **1190** |

*Преглед на поднесени и одлучени барања за секундарна правна помош од подрачните одделенија по години*

| ППП | 2019[15] | | | 2020 | | | 2021 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | примени | одобрени | одбиени | примени | одобрени | одбиени | примени | одобрени | одбиени |
| Крушево | 4 | 0 | 4 | 3 | 2 | | 0 | 0 | 0 |
| Крива Паланка | 5 | 4 | 1 | 8 | 4 | 4 | 8 | 5 | 3 |
| Берово | 0 | 0 | 0 | 12 | 10 | 2 | 5 | 4 | 1 |
| Битола | 9 | 8 | 1 | 10 | 9 | 1 | 24 | 22 | 2 |
| Македонски Брод | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | | 2 | 2 | |
| Виница | 1 | 1 | 0 | 0 | | | 4 | 3 | |
| Валандово | 5 | 4 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Гевгелија | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Гостивар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | |
| Дебар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Делчево | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | | 1 |
| Демир Хисар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кавадарци | 5 | 2 | 3 | 1 | 1 | | 0 | 0 | 0 |
| Кичево | 1 | 1 | | 5 | 3 | 2 | 6 | 5 | 1 |
| Неготино | 2 | | 2 | 7 | 7 | | 22 | 18 | 4 |
| Охрид | 2 | 2 | | 5 | 5 | | 3 | 3 | |
| Ресен | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Свети Николе | 2 | 1 | 0 | 0 | | | 5 | 4 | |
| Струга | 1 | 0 | 0 | 3 | 2 | | 0 | 0 | 0 |
| Струмица | 8 | 5 | 3 | 3 | 3 | | 0 | 0 | 0 |
| Тетово | 3 | 2 | 1 | 32 | 15 | 10 | 48 | 25 | 15 |
| Куманово | 6 | 3 | 1 | 34 | 20 | 11 | 38 | 26 | 10 |
| Штип | 6 | 3 | 3 | 14 | 9 | 3 | 15 | 11 | 1 |
| Карпош | 6 | 5 | 1 | 27 | 15 | 6 | 43 | 22 | 15 |
| Кисела Вода | 2 | 1 | 0 | 33 | 21 | 7 | 35 | 28 | 5 |
| Гази Баба | 5 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Прилеп | | | | 0 | 0 | 0 | 5 | 4 | 1 |
| Пробиштип | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Радовиш | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кратово | | | | | | | 0 | 0 | 0 |
| Центар | | | | | | | | | |
| Чаир | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО:** | **74** | **44** | **24** | **205** | **131** | **49** | **267** | **183** | **59** |

| | |
|---|---|
| **Забелешка:** | Поради различни водови статистики од 2019 до 2020 година, дел од збировите од примени наспроти одобрени и одбиени барања не се согласува, бидејќи тука се генерирани само овие варијабли. Во Годишните извештаи за спроведување на ЗБПП за овие години можат да се најдат податоци за запрени постапки, постапки во тек и сл, кои влегуваат во збирот на поднесени барања. |

[15] Прегледот е за примени и постапени барања од 01.10-31.12.2019

## 3.3 Финансиски ресурси

Финансиските ресурси се клучни за реализација на законските обврски од областа на бесплатната правна помош. Самата бесплатна правна помош, на начин на кој што е дефинирана во ЗБПП, е правна помош одобрена и **финансирана од страна на државата** на начин и под услови предвидени со овој закон. Средствата за одобрување на бесплатната правна помош и трошоците за дадената правна помош во постапките предвидени со овој закон се обезбедуваат од буџетот на Министерството, како и од донации и други приходи во согласност со закон.

Преглед на планирани и реализирани средства од Буџетот на Министерство за правда за бесплатна правна помош[16]

| | 2019 | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Планирани средства | 5.000.000,00 МКД | 5.000.000,00 МКД | 5.000.000,00 МКД |
| Реализирани средства | 1.176.072,00 МКД | 1.601.176,00 МКД | 1.736.258,00 МКД |
| % на реализација | 23,5% | 32 % | 34.7% |

Од податоците може да се констатира се уште ниска искористеност на средствата кои се предвидени за бесплатна правна помош иако се забележува одреден тренд на пораст. Причините за ниската искористеност се последица на нискот број на одобрени барања за секундарна правна помош што пак е последица на рестриктивните услови како и на недоволната запознаеност на граѓаните со ова право.

Средствата од овој буџет можат да се употребат за:

- Средства за финансирање на здруженија и правни клиники врз основа на јавен конкурс (чл. 11, ЗБПП);
- Надоместок на здружението и правната клиника како даватели на примарна правна (чл. 12, ЗБПП);
- Трошоците за вештачење (чл. 13 ст. 7, ЗБПП); и
- Надомест за дадената секундарна правна помош од страна на адвокат (чл. 33, ЗБПП);.

Постојниот модел се покажа како несоодветен за да се обезбеди правилно планирање и проценка на исплатливоста на средствата кои се трошат за правна помош. Ова се должи на фактот што средствата за правна помош се буџетски во општите буџетски ставки, заедно со другите трошоци поврзани со договори и други услуги каде што Одделението за бесплатна правна помош нема никаков увид. Понатаму, МП нема никаков правен инструмент за следење колку од доделените средства се вратени во буџетот. Автономната буџетска програма ќе обезбеди секојдневно следење на трошоците и приходите за правна помош и ќе придонесе за поефикасно планирање и користење на јавните средства.

***Средствата од буџетот на Министерството за правда кои се однесуваат поединечно на работата на одделението како и на трошоците за подрачните одделенија не се достапни и не беа предмет на оваа анализа.***

[16] Извор: Годишни извештаи за примена на ЗБПП (2019, 2020, 2021).

## 3.4. Просторни капацитети

Одделението за бесплатна правна помош е сместено во главниот објект на Министерството за правда кој се наоѓа на Ул. Димитрие Чуповски 9, во главниот град Скопје. Канцелариите на подрачните одделенија, се сместени во различни градови на територија на државата, најчесто во канцеларии кои се составен дел од општинските згради.

*- Преглед на објекти во кои се сместени подрачните одделенија, просторен капацитет и број на вработени кои ги користат собите на располагање –*

| ПО/ПК | Адреса | Објект[17] | Просторен капацитет (број на соби)[18] | Бр. на вработени лица |
|---|---|---|---|---|
| **Крушево** | ул.„Никола Ѓурковиќ" б.б., Крушево | Зграда на Општина Крушево | 1 | 0 |
| **Крива Паланка** | ул.„Св.Јоаким Осоговски" бр.17, Крива Паланка | Зграда на Општина Крива Паланка | 1,5 | 1 |
| **Берово** | ул.„Димитар Влахов" бр.10, Берово | Зграда на Општина Берово | 1 | 1 |
| **Битола** | бул. „ 1ви Мај" б.б, Битола | Зграда на Општина Битола | 2 | 10 |
| **Македонски Брод** | Не е добиен податок од Одд за БПП при МП | | 1 | 2 |
| **Виница** | ул. „Бел Камен" бр.13, Виница | Зграда на Општина Виница | 2 | 3 |
| **Валандово** | ул.„4ти Јули" бр.1 | Зграда на Општина Валандово | 1,5 | 2 |
| **Гевгелија** | ул.Маршал Тито" бр.170, Гевгелија | Зграда на Општина Гевгелија | 2 | 1 |
| **Гостивар** | ул. „Браќа Гиноски" б.б, Гостивар | Зграда на Општина Гостивар | 2 | 7 |
| **Дебар** | ул.„8ми Септември" б.б, Дебар | Зграда на Општина Дебар | 1 | 1 |
| **Делчево** | ул. „Методи Митевски Брицо" бр.40, Делчево | Зграда на Општина Делчево | 2 | 1 |
| **Демир Хисар** | ул.„Битолска" бб, Демир Хисар | Зграда на Општина Демир Хисар | 2 | 1 |
| **Кавадарци** | Плоштад „Маршал Тито" б.б., Кавадарци | Зграда на Општина Кавадарци | 1 | 3 |
| **Кичево** | ул.„Борис Кидрич" бр.1, Кичево | Зграда на општина Кичево | 2 | 11 |

17 Податокот е добиен од Министерство за правда, Одделение за БПП при МП
18 Функционална анализа на Министерство за правда, страна 98

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Неготино** | ул.„Ацо Аџи Илов“ бр2, Неготино | Зграда на Општина Неготино | 2 | 4 |
| **Охрид** | ул. „Димитар Влахов“ бр.57, Охрид | Зграда на Општина Охрид | 0.5 | 1 |
| **Ресен** | Плоштад „Цар Самуил“ б.б., Ресен | Зграда на Општина Ресен | 3 | 3 |
| **Свети Николе** | Плоштад „Илинден„ бр.12, Свети Николе | Зграда на Општина Свети Николе | 1,5 | 1 |
| **Струга** | ул.„Пролетерски Бригади“ б.б, Струга | Изнајмени простории, без посочување во кој објект | 2 | 2 |
| **Струмица** | ул.„Сандо Масев“ бр.1, Струмица | Зграда на Општина Струмица | 0,5 | 1 |
| **Тетово** | Ул.Дервиш Цара бр.68, Тетово | Зграда на Општина Тетово | 4 | 19 |
| **Куманово** | Не е добиен податок од Одд за БПП при МП | | 3,5 | 6 |
| **Штип** | ул.„Васил Главинов“ бр. 4, Штип | Зграда на Општина Штип | 1 | 2 |
| **Кочани** | ул. „Раде Кратовче“ бр.1, Кочани | Зграда на Општина Кочани | 0,5 | 1 |
| **Карпош** | Ул. Борис Трајковски бб, Скопје | Зграда на Оштина Кисела Вода | 1 | 2 |
| **Кисела Вода** | Ул. Борис Трајковски бб, Скопје | Зграда на Општина Кисела Вода | 1 | 3 |
| **Гази Баба** | Ул. Бул.Александар Македонски бб, Скопје | Зграда на Општина Гази Баба | 3 | 3 |
| **Прилеп** | ул. „Јоаким Стојкоски“ бр.1, Прилеп | Зграда на Општина Прилеп | 1 | 0 |
| **Пробиштип** | ул.„ Јаким Стојковски“ бр.1, Пробиштип | Зграда на Општина Пробиштип | 1 | 2 |
| **Радовиш** | бул.„Александар Македонски“ бб, Радовиш | Зграда на Општина Радовиш | 1 | 1 |
| **Кратово** | Не е добиен податок од Одд за БПП при МП | | 2 | 0 |
| **Центар** | Димитрие Чупоски бр.9, Скопје | Зграда на Министерството | | 1 |
| **Чаир** | Не е добиен податок од Одд за БПП при МП | | 2 | 0 |

Од приказот може да се забележи дека просторните капацитети со кои располага Министерството, не соодветствуваат со бројот на вработени во подрачните одделенија. Имено 10 лица во ПО Битола, се сместени во 2 соби, за разлика од трите вработени лица во Виница што се сместени во исто толку соби. Вториот пример кој отскокнува е бројот на вработени лица во ПО Тетово, вкупно 19 лица сместени во 4 соби, за разлика од 3,5 соби на располагање за 6те вработени лица во ПО Куманово.

Дополнително, состојбата со просторот не ги исполнува во целост постојните потреби, додека состојбата со хигиената во МП и дел од подрачните одделенија е на незадоволително ниво[19], а уште повеќе како што беше истакнато и на последнот (десетти) состанок на Националното координативно тело за БПП[20], дел од канцелариите кои се користат од подрачните одделенија се стари, нереновирани итн.

## 3.5 Информатичко-технички капацитети

Недостатоците кои беа забележани во поглед на информатичко-технолошки ресурси се однесуваа на опременоста на подрачните одделенија бидејќи расположливите компјутерите и оперативните системи беа застарени и постоеше потреба од нивна надградба или инсталација на новодизајниран софтвер.

Оттука и прашањето за ефикасноста на самата постапка пред подрачните одделенија.[21] До март-април 2022, во подрачните одделенија се користат околу 50/60 компјутери набавени во период од 2009 – 2016 година, од кои 30 се од 2016 год., а останатите компјутери се многу стари набавени во период од 2001 – 2009 година и се за расход."[22]

Во периодот март-април 2022 преку заедничкиот проект на Европската унија и Советот на Европа за "Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија" како дел од „Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција 2019-2022" што се спроведува во блиска соработка со Министерството за правда на Република Северна Македонија, беа донирани 25 лаптопи во вредност од над 14,000 ЕУР. Оваа опрема е донирана на Министерството за правда, а е наменети за поддршка на подрачните одделенија и зајакнување на нивната улога како даватели на бесплатна правна помош.

Една од констатациите истакнати од самото министерство е дека не располага со внатрешна поврзаност со подрачните одделенија, ниту пак, подрачните одделенија меѓусебно. МП воедно нема надворешно поврзување со други органи и институции. Поврзаноста на МП, внатрешна и надворешна, е неопходна за ефикасно извршување на надлежностите на МП и подрачните одделенија и истата треба да биде предмет на ревизија со цел да се добие унифициран систем кој што ќе биде интероперабилен.[23]

[19] Функционална анализа на МП, страна 100.
[20] 10ти состанок на НКТ, одржан на 07.10.2022 во Александар Палас, Скопје
[21] Функционална анализа на МП, страна 40, %20%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B4%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%A0%D0%A1%D0%9C.pdf
[22] Ибид.
[23] Функционална анализа на МП  страна 100,

# 4 ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА РАМКА

## 1. Усогласување на актот за внатрешна организација со Законот за бесплатна правна помош

Надлежноста за одлучување по приговор на одбиени баратели на секундарна правна помош да се уреди во Правилникот за внатрешна организација на Министерството за правда во делот на пропишани работи и задачи на Одделението. ЗБПП изрично не ја наметнува обврската за водење евиденција за доставени барања до други органи од страна на Одделението. Со ЗБПП од 2019 година се изврши децентрализација во постапувањето со барањата за секундарна правна помош, со тоа што надлежноста за постапување по барањата се пренесе на подрачните одделенија. Одделението за БПП при МП ја нема законската обврска да врши проверка на податоците од соодветните органи. Потребно е усогласување на Правилникот за внатрешна организација на МП со Законот за бесплатна правна помош. Доколку се споредат работите и задачите од Правилникот за внатрешна организација на МП со надлежностите од ЗБПП, се препорачува нивно допрецизирање со додавање на обврската за водење евиденција за податоци што се донесуваат на дадена примарна правна помош, соработката со овластени даватели на примарна и секундарна правна помош, надлежноста за постапување и одлучување по поднесено барање за секундарна правна помош, како и врши назначување на адвокат од листата на адвокати кога барањето за СПП е одобрено (или промена на адвокатот под определени законски услови).

## 2. На долг рок Одделението за бесплатна правна помош треба да се издигне на ниво на Сектор за бесплатна правна помош

Постојното решение според кое работите поврзани со бесплатната правна помош ги врши одделение во рамки на Сектор за бесплатна правна помош и политички систем се покажа како несоодветно. Најпрвин поврзувањето на две, суштински различни прашања како што е бесплатната правна помош од една, со работите поврзани со политичкиот систем е вештачко спојување на целосно различни теми. Работењето на овие две теми бара целосно различни знаења и вештини што влијае негативно на човечките капацитети со кои располага Министерството за правда. Ова се одразува и преку непополнувањето на работното место Раководител на сектор поради што во ризик се доведува дејствувањето на двете одделенија.

## 3. Подрачните одделенија на Министерството за правда, под претпоставка дека ќе вршат единствено работи кои произлегуваат од Законот за бесплатна правна помош, треба стуктурно да се подредат на Секторот за бесплатна правна помош

Сегашната практика според која подрачните одделенија одговораат на Раководител на Сектор за бесплатна правна помош и политички систем, позиција која впрочем не е пополнета, а работат прашања кои произлегуваат од ЗБПП и не постои никаква хиерархиска надреденост помеѓу Одделението за бесплатна правна помош и неговиот раководител и подрачните одделенија. Ефикасноста во постапувањето на јавната администрација бара јасна „линија на одговорност" која во сегашниот момент не е воспоставена.

## 4. Во рамки на Секторот за бесплатна правна помош треба да се воспостават три посебни одделенија: 1. Одделение за креирање на политики и следење; 2. Одделение за обука и координација на подрачните одделенија; и 3. Одделение за постапување во управни постапки.

Предложените одделенија би ги имале следниве надлежности

1. **Одделение за нормативна дејност и креирање и следење на политики;**
    - Подготвување на предлози за донесување на закони, подзаконски и други општи акти од областа на бесплатната правна помош;
    - Изготвување на анализи за спроведување на прописите од областа на бесплатната правна помош;
    - Следење на процесот на спроведување на Законот за бесплатна правна помош;
    - Изготвување на извештаи, мислења, информации и други материјали кои се однесуваат на бесплатната правна помош;
    - Остварува соработка со меѓународни организации, надлежни тела за бесплатна правна помош во други држави, надлежни органи од државата, АКРСМ, овластени здруженија и правни клиники;
    - Прибирање и водење на статистички податоци кои се однесуваат за бесплатната правна помош;
    - Комуницира со државни органи заради обезбедување пристап до документи и податоци неопходни за одлучување по барањата за бесплатна правна помош;
2. **Одделение за обука и координација на подрачните одделенија; и**
    - Организација и координација на работата на работата на подрачните одделенија;

- Вршење надзор над управното работење на подрачните одделенија;
- Организира и спроведува обуки, работилници, советувања за прашања поврзани со бесплатната правна помош;
- Се грижи за воедначена примена на Законот за бесплатна правна помош преку изготвување на ставови, мислења како по барање на ПО така и по сопствено видување;
- Подготвува книги, обрасци и други материјали за потребите на подрачните одделенија;

3. **Одделение за постапување во управни постапки и надзор;**

- Постапување по приговори поднесени против реални акти со кои се одбиваат барањата за бесплатна правна помош;
- Постапува по поднесени тужби пред Управниот суд против конечни акти кои се донесени врз основа на Законот за бесплатната правна помош;
- Изготвува решенија за исплата на надомест;
- Изготвува решенија за запишување во регистар на даватели на бесплатна правна помош и ги води регистрите на давателите;
- Постапува по претставки и поплаки поврзани со бесплатната правна помош;
- Води постапка по јавен повик за доделување на средства на даватели на примарна правна помош




4. **Неопходно е зајакнување на човечките капацитети на Одделението за бесплатна правна помош како суштински предуслов за издигање на ниво на самостоен Сектор за бесплатна правна помош. Секторот треба да има најмалку 7 извршители од кои 1 раководител на сектор, 3 раководители на одделенија и 3 извршители.**

Обемот на работа кој паѓа на вработените во Одделението за бесплатна правна помош, особено од започнувањето со примената на ЗБПП од 2019, е значително зголемен. Со постојниот број вработени во одделението (3 извршители) не може да се обезбеди квалитетно, ефикасно и ефективно извршување на работните задачи кои произлегуваат од ЗБПП. Ова особено имајќи во предвид дека работните задачи вклучуваат елементи од повеќе различни работни обврски кои бараат посебни знаења и вештини (пр. Постапување по управни постапки, изработка на нормативни акти, прибирање и обработка на статистички податоци, комуникација со меѓународни институции, надзор итн.).

5. **Мрежата на подрачни одделенија, особено бројот на вработени треба да се оптимизира и да соодветствува на реалните работни обврски кои произлегуваат од надлежностите кои ПО ги имаат. Оптимизацијата треба да се изврши на начин да се ограничи максималниот број на извршители во едно подрачно одделение согласно бројот на населението кое го опфаќаат подрачните одделенија.**

Во 18-те подрачните одделенија и 12 подрачни канцеларии (вклучувајќи ги и 4-те подрачни канцеларии во Скопје) се вработени дури 105 лица, што е речиси еднакво колку што се вработени во самото седиште на МП. Единствените законски надлежности кои тие ги имаат извираат од ЗБПП. Статистичките податоци за бројот на лица на кои им е дадена примарна правна помош како и бројот на барања за секундарна правна помош кои се процесуирани од ПО не можат трошочно да го оправдаат постојниот број вработени поради што се наметнува потребата од реорганизација, особено во подрачните одделенија каде има поголем број вработени (повеќе од 5). Обемот на работа е несразмерен со бројот на вработени. Од друга страна пак постоењето на мрежа на ПО во речиси сите градови во државата е незаменлив ресурс кој мора да се искористи во градењето на ефикасен систем на бесплатна правна помош. Од таа причина се предлага ограничување на бројот на вработени кое ќе го земе во предвид бројот на населението (т.е потенцијалните корисници на БПП).

| Број на население | Максимален број на извршители по ПО |
|---|---|
| 0-25.000 | 1 |
| 25.001 – 50.000 | 2 |
| 50.001 – 100.000 | 3 |
| Над 100.000 | 4 |

6. **Сите лица кои се вклучени во обезбедување на примарна правна помош како и во постапување и одлучување по барањата за секундарна правна помош треба да бидат дипломирани правници со положен правосуден испит.**

Со цел да се гарантира квалитетот во постапувањето, особено во поглед на давањето примарна правна помош и ценењето на оправданоста на барањата за секундарна правна помош неопходно е лицата вклучени во системот да имаат соодветно правничко образование, искуство на правни работи и положен правосуден испит.

7. **Да се разгледа можноста постојните лица кои работат во подрачните одделенија, а согласно актот за систематизација се расподедени на работни места за кои се бара средна стручна спрема, согласно постапка за мобилност да бидат преместени во други регионални канцеларии на органите на државната управа (инспекторати, сектори за внатрешни работи на Министерството за внатрешни работи, подрачни одделенија на Државната изборна комисија и слично).**

Досегашниот обем на работа кој може да се утврди од податоците за бројот на барања за секундарна правна помош не оправдува постоење на помошен административно-технички апарат. Бројот на предмети е низок и дури и со дополнителна либерализација на условите не се очекува значително зголемување. Дополнително, интензивирањето на процесот на интеропарабилност во кој нема да има потреба од доставување пратки во хартија и по пошта се очекува уште повеќе да ја намали потребата од административно технички персонал. Од друга страна пак, постојат државни органи каде ваков кадар е неопходен.

8. **Во годишниот план за обука задолжително да се предвиде посебен дел кој се однесува на Законот за бесплатна правна помош**

Сите административни службеници имаат обврска да посетуваат обуки согласно Законот за административните службеници. Во Годишниот план за обуки, кој го изработува Министерството за правда треба да се додадат посебни глави кои се однесуваат на Законот за бесплатна правна помош. Како тренинг материјали можат да се употребат материјалите изработени од Советот на Европа, а како обучувачи вработените кои успешно ја комплетираа обуката за обучувачи. Ангажманот на обучувачите треба да биде соодветно вреднуван при пресметката на нивните примања согласно општите прописи.

9. **Допрецизирање, дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за правда и негово усогласување со надлежностите од важешкиот Закон за бесплатна правна помош**

Ниту во ЗБПП ниту во актот за систематизација не се дадени индикатори за следење на ефективноста на работата на одделението за бесплатна правна помош, ниту пак податоци кои ќе се собираат и анализираат за да се оцени кој е обемот на нивната работа, дали и во која мера ги извршуваат работните задачи. Ова е особено важно да биде дополнето за да се обезбеди соодветно следење на учинокот на вработените.

10. **Неопходно е соодветно техничко опремување на подрачните одделенија заради обезбедување на интероперабилност со другите државни органи**

Еден од клучните предуслови за забрзување и поедноставување на процесот по доставените барања за секундарна правна помош е негова дигитализација и овозможување пристап на овластените службени лица до податоците неопходни за одлучување по барањето. За да се оствари тоа неопходно е подрачните одделенија да бидат опремени со соодветна опрема како и со мрежна поврзаност. Дополнително треба да се планира обука за овластените службени лица. При изработката на годишните планови за јавни набавки неопходно е да се земе во предвид и ова прашање.

# АНЕКС – ПРЕГЛЕД НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ПО ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ

*- Преглед на систематизирани и пополнети работни места по подрачни одделенија –*

| | ПО Крушево | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Крушево |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 0 | |
| **ВКУПНО:** | **1** | **0** | 9684 (Извор: ДЗС) |

| | ПО Крива Паланка | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Крива Паланка |
| Раководител на одделение | 1 | 1 | |
| **ВКУПНО** | **1** | **1** | 24964 (Извор: ДЗС) |

Според обемот на работа на ПО Крива Паланка (табели со прегледи за ППП и Барања за СПП подоле) видно е дека има зголемување на бројот на лица кои бараат бесплатна правна помош.

| | ПО Берово | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Беорово |
| Раководител на одделение | 1 | 1 | |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 0 | 19458 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО** | **2** | **1** | |

Во Берово, иако бројноста на населението е помала во споредба со Крива Паланка, се забележани две состојби: едната дека се систематизирани повеќе работни места од Крива Паланка (ако е пополнето само 1 работно место), и втората состојба дека бројот на граѓани на годинишно ниво кои побарале примарна правна помош или секундарна правна помош во двете одделенија е приближно ист.

| | ПО Битола | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Битола |
| Раководител на одделение | 1 | 0 | |
| Виш соработник за БПП | 1 | 1 | |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 1 | |
| Самостоен референт за БПП и ажурирање на документацијата | 1 | 1 | |
| Помлад референт (доставувач) | 5 | 6 | 105644 (Извор: ДЗС) |
| Курир | 1 | 1 | |
| **ВКУПНО:** | **10** | **10** | |

Согласно бројот на население во Општина Битола, а споредено со обемот на работа на подрачното одделение во Битола (видно од приказите подоле) истиот е во постојано зголемување. Испразнетото работно место Раководител со оглед на функциите кој овој службеник ги има може на долг рок да влијае на навремено, законито и квалитетно извршување на работите и задачите што се вршат во одделението.

| | ПО Македонски брод | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Македонски Брод |
| Раководител на одделение | 1 | 0 | |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 1 | 11686 (Извор: ДЗС) |
| Помлад референт (доставувач) | 1 | 1 | |
| **ВКУПНО:** | **3** | **2** | |

| | **ПО Виница** | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Виница |
| Раководител на одделение | 1 | 1 | |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 1 | |
| Самостоен референт за БПП и ажурирање на документацијата | 1 | 1 | |
| Референт за БПП, евиденција и архивирање | 1 | Нема податок | 19938 (Извор: ДЗС) |
| Помлад референт (доставувач) | 1 | 0 | |
| **ВКУПНО:** | **5** | **3** | |

| | ПО Валандово | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Валандово |
| Раководител на одделение | 1 | 1 | |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 0 | |
| Самостоен референт за БПП и ажурирање на документацијата | 1 | 1 | 11890 (Извор: ДЗС) |
| ВКУПНО: | **3** | **2** | |

| | **ПО Гевгелија** | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Гевгелија |
| Раководител на одделение | 1 | 0 | |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 1 | |
| Референт за БПП, евиденција и архивирање | 1 | Нема податок | 26414 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО:** | **3** | **1** | |

| | ПО Гостивар | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Гостивар |
| Раководител на одделение | 1 | 0 | |
| Виш соработник за БПП | 2 | 1 | |
| Помлад соработник за БПП | 5 | 4 | |
| Референт за БПП, евиденција и архивирање | 1 | Нема податок | 81042 (Извор: ДЗС) |
| Помлад референт за БПП и архивирање | 1 | 1 | |
| Курир | 1 | 1 | |
| **ВКУПНО:** | **11** | **7** | |

Согласно обемот на работа на ПО Гостивар споредено со бројот на жители во оваа општина и број на вработени лица во одделението, се забележув една исклучително битна состојба: не е пополнето работно место Раководител кој е одговорен за организирање, обединување, насочување и координирање на работата на одделението од аспект на приближување на правдата до локалното население.

| | ПО Дебар | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Дебар |
| Помлад соработник за БПП | 2 | 1 | 26061 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО** | **2** | **1** | |

| | ПО Делчево | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Делчево |
| Раководител на одделение | 1 | 1 | |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 0 | 25615 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО:** | **2** | **1** | |

| | ПО Демир Хисар | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Демир Хисар |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 1 | 9497 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО:** | **1** | **1** | |

| | ПО Кавадарци | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Кавадарци |
| Помлад соработник за БПП | 2 | 1 | |
| Помлад референт за БПП и архивирање | 2 | 2 | 42882 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО:** | **4** | **3** | |

| | ПО Кичево | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Кичево |
| Раководител на одделение | 1 | 0 | |
| Помлад соработник за БПП | 4 | 4 | |
| Самостоен референт за БПП и ажурирање на документацијата | 3 | 3 | |
| Помлад референт за БПП и архивирање | 3 | 3 | 56734 (Извор: ДЗС) |
| Курир | 1 | 1 | |
| **ВКУПНО** | **12** | **11** | |

| | ПО Неготино | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Неготино |
| Раководител на одделение | 1 | 1 | |
| Соработник за БПП | 1 | 1 | |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 1 | |
| Референт за БПП, евиденција и архивирање | 1 | Нема податок | 23757 (Извор: ДЗС) |
| Помлад референт (доставувач) | 1 | 1 | |
| **ВКУПНО:** | **5** | **4** | |

| | ПО Охрид | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Охрид |
| Раководител на одделение | 1 | 0 | |
| Виш соработник за БПП | 1 | 1 | 61256 (Извор: ДЗС) |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 0 | |
| **ВКУПНО:** | **3** | **1** | |

| | ПО Ресен | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Ресен |
| Раководител на одделение | 1 | 1 | |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 1 | |
| Помлад референт (доставувач) | 1 | 1 | 16825 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО:** | **3** | **3** | |

| | ПО Свети Николе | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Свети Николе |
| Раководител на одделение | 1 | 1 | |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 0 | |
| Референт за БПП, евиденција и архивирање | 1 | 0 | 21355 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО** | **3** | **1** | |

| | ПО Струга | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Струга |
| Раководител на одделение | 1 | 0 | |
| Советник за БПП | 1 | 1 | |
| Помлад соработник за БПП | 2 | 1 | 65809 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО** | **4** | **2** | |

| | ПО Струмица | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Струмица |
| Раководител на одделение | 1 | 0 | |
| Соработник за БПП | 1 | 1 | |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 0 | 66798 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО:** | **3** | **1** | |

| | ПО Тетово | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Тетово |
| Раководител на одделение | 1 | 1 | |
| Помлад соработник за БПП | 15 | 15 | |
| Самостоен референт за БПП и ажурирање на документацијата | 1 | 0 | |
| Референт за БПП, евиденција и архивирање | 1 | Нема податок | 115577 (Извор: ДЗС) |
| Помлад референт за БПП и архивирање | 3 | 3 | |
| **ВКУПНО:** | **21** | **19** | |

| | ПО Куманово | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Куманово |
| Раководител на одделение | 1 | 1 | |
| Советник за БПП | 1 | 0 | |
| Помлад соработник за БПП | 3 | 2 | |
| Самостоен референт за БПП и ажурирање на документацијата | 2 | 1 | 110324 (Извор: ДЗС) |
| Помлад референт за БПП и архивирање | 2 | 2 | |
| **ВКУПНО** | **9** | **6** | |

| | ПО Штип | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Штип |
| Раководител на одделение | 1 | 0 | |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 1 | |
| Самостоен референт за БПП и ажурирање на документацијата | 1 | 1 | 51808 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО** | **3** | **2** | |

| | ПО Карпош | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Карпош |
| Советник за БПП | 1 | 1 | |
| Помлад референт за БПП и архивирање | 1 | 1 | 59666 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО** | **2** | **2** | |

| | ПО Кисела Вода | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Кисела Вода |
| Советник за БПП | 1 | 1 | |
| Виш соработник за БПП | 1 | 1 | |
| Помлад референт (доставувач) | 1 | 1 | 62892 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО:** | **3** | **3** | |

| | ПО Гази Баба | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина ГАзи Баба |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 1 | |
| Самостоен референт за БПП и ажурирање на документацијата | 1 | 1 | |
| Помлад референт за БПП и архивирање | 1 | 1 | 72617 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО** | **3** | **3** | |

| | ПО Прилеп | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Прилеп |
| Раководител на одделение | 1 | 0 | |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 0 | 96486 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО:** | **2** | **0** | |

| | ПО Пробиштип | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Пробиштип |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 1 | |
| Помлад референт (доставувач) | 1 | 1 | 16193 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО** | **2** | **2** | |

| | ПО Радовиш | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Радовиш |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 1 | |
| **ВКУПНО** | **1** | **1** | 31780 (Извор: ДЗС) |

| | ПО Кратово | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Кратово |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 0 | |
| **ВКУПНО** | **1** | **0** | 10441 (Извор: ДЗС) |

| | ПО Центар | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Центар |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 1 | |
| **ВКУПНО** | **1** | **1** | 45412 (Извор: ДЗС) |

| | ПО Чаир | | |
|---|---|---|---|
| | систематизирано | пополнето | Број на жители Општина Чаир |
| Помлад соработник за БПП | 1 | 0 | |
| Помлад референт за БПП и архивирање | 1 | 0 | 64773 (Извор: ДЗС) |
| **ВКУПНО** | **2** | **0** | |

[i] Правилници кои ги изработува Министерство за правда, а кои произлегуваат од Законот за бесплатна правна помош: **член 4 став 8** (правилник за начин на постапување при давање БПП), **член 7 став 5/6** (правилник за начин на соработка на Правната клиника со АКРСМ), **член 8 став** 9 (правилник за содржина, форма и начин на водење на евиденцијата за податоци на дадена ППП и содржина на извештаи**), член 10 став 3** (правилник за форма и содржина на барањето за Упис во регисатрот на здруженија и правни клиники**), член 10 став 13** (правилник за форма, содржина и начин на водење на регистрите), **член 10 став 14** (правилник за мининални просторни и технички услови), **член 11 став 12** (правилник за начин на распишување и спроведување јавен конкурс, проверка на поднесени документи, начин на бодување при оцена на пријавите, вршење конктрола на трошењето на средствата**),** **член 12** став 4 (правилник за образец на трошковник и тарифа на здруженија и правни клиники), , член **16 став 4** (правилник за образецот на барањето за секундатра правна помош), **член 23 став 13** (правилник за содржината, формата и начинот на водење на евиденција за податоците што се однесуваат на решавањето на поднесените барања за правна помош како и содржината на извештаите на овластените службени лица), **член 23 став 14** (правилник за начин на постапиување по барање за секундарна правна помош), **член 29 став 2** (правилник за форма и содржина на образецот на барањетро за упис на адвокат), **член 29 став 9** (правилник за форма, содржина и начин на водење на регистарот на адвокати), **член 30 став 3** (правилник за начинот за насзначување адвокат), **член 39 став 6** (шравилник за трошковник на адвокат за дадена правна помош на деца), **член 50 став 5** (правилник за образецот на барањето за БПП во постапка за признавање право на азил), **член 40 став 13** (правилник за образецот на трошковникот на адвокат за дадена правна помош во постапка за признавање право на азил).

ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА БЕСПЛАТНА
ПРАВНА ПОМОШ

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа во рамките на проектот „Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија“. Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенцијата од страна на државите членки.

**www.coe.int**

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ за ТЕБЕ